РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-5500/3 (2023)
29-01-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-1838/1 од 29.04.2020 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување од страна на инвеститор, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување од причина што постапиле/постапуваат надлежни органи.

Предметот со број 12-1838/1 од 29.04.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 29.04.2020 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување од страна на инвеститор и оформен е предмет број 12-1838/1 од 29.04.2020 година.

Подносителот на пријавата посочува до кои институции треба да се обрати ДКСК со цел да обезбеди документација за лицето ------------------------- во однос на тоа на кој начин се градени градби и како се злоупотребени институции во РСМ. Во пријавата е наведено дека од обезбедена документација за две згради, подносителот за едната констатирал дека локацијата е добиена на подарок на малолетната ќерка на инвеститорот пред повеќе од 17 години од семејство кое не е сродно поврзано со него, а неговата ќерка понатаму се јавува како инвеститор и продавач на оваа и на други парцели. Во продолжение се наведува дека инвеститорот и понатаму држи во своја сопственост станови кои се порано отуѓени, на начин што преку договори за заедничка градба претходните сопственици на куќите живеат во своите изградени станови но немаат имотни листови, односно тие се водат сѐ уште во сопственост на инвеститорот. Во пријавата се посочува дека активностите на инвеститорот за незаконско градење и доградување ги оштетиле буџетите на општините каде што се гради, а се изразува сомневање дека истото е овозможено од страна на службени лица. Имено, се посочува договор за заедничка градба со инвеститорот на улица ------------------------, односно без знаење и на штета на другата страна од договорот градбата е започната без решение, делумно рушење на новоизградениот објект, добивање решение за градење, добивање ново решение за градење,

сомнителна легализација со документи добиени со измама и присвојување на документацијата од инвеститорот. Воедно, се посочува и градба на ул. ---------------------- и се изразува сомневање дека на местото каде што е изградена зграда согласно деталниот урбанистички план се предвидени индивидуални објекти, а според подносителот спорна е и доградбата на објектот. Во однос на градбата во Општина Кисела Вода се наведува дека по судски пресуди поради рушење на објектот општината и Министерството за транспорт и врски се задолжени да му исплаќаат оштета на инвеститорот.

Дополнително, од страна на ---------------------------, против кого е поднесена предметната пријава, во два наврати доставени се известувања со прилог документација до ДКСК во кои се наведува дека истите ги доставува и се произнесува како реакција на јавно изнесени наводи во ТВ емисија.

Врз основа на наводите од пријавата и доставената документација од подносителите на пријавата и лицето против кое е поднесена, ДКСК утврди дека истите не претставуваат службени лица согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси поради што нема елементи за надлежно постапување. Дополнително, ДКСК утврди дека станува збор за спорови од имотно-правен карактер помеѓу двете страни за кои надлежни да постапуваат се судовите во РСМ, а за дел од истите според наводите од пријавата или доставените прилози се поведени судски постапки.

Заради проверка на наводите од пријавата кои опфаќаат постапување на службени лица и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК се обрати со барања за прибирање на податоци и информации до надлежните институции.

Од страна на Општина Центар е добиено известување дека лицето ------------------- има поднесено барање за утврдување на правен статус на бесправен објект со барање од 19.05.2011 година за станови и деловен простор во објект со намена А2 домување во станбени згради, кој се наоѓа на ул. -------------------. Се наведува дека согласно законот за постапување со бесправно изградени објекти, општината има донесено урбанистички согласности за девет поименично наведени баратели по претходно дадена изјава од -------------------- за да можат да ги запишат на свое име становите. По уредување на надоместокот за утврдување на правен статус на кој од јуни 2013 го одредува Градот Скопје, согласно член 20 и 20-а од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, имаат добиено решение за утврдување на правен статус и се запишани во јавните книги на катастарот на недвижностите. Во однос на издадени одобренија за градење од општината известуваат дека по увид во информацискиот систем за издавање на одобренија за градење воспоставен од ЗЕЛС во јуни 2013 година, не се пронајдени предмети што се водат на името -------------------. Пронајдени се два предмети кои се водат на ------------------------------, односно барања за измени во текот на градба, кои процедури се водени согласно Законот за градење.

Во однос на рушењето на градбата на ул. ----------------------, од страна на Општина Кисела Вода е доставено известување дека присилното административно извршување, односно рушењето е извршено од страна на Министерството за транспорт и врски на ден 23.05.2007 година, поради што ----------------- пред Основниот граѓански суд Скопје повел судски спор за надомест на штета против министерството како првотужен и општината како второтужен. По поведениот судски спор се воделе и постапки по правни лекови пред Апелациониот суд во

Скопје и Врховниот суд на РСМ. Имено, против пресуда на Апелациониот суд Скопје, --------------- од страна на тужителот е поднесена ревизија, а последни преземени дејствија за кои известува општината се поднесување на одговори на ревизијата од страна на Министерството за транспорт и врски и Општина Кисела Вода, а по истите општината немала добиено известување за донесена пресуда од страна на Врховниот суд на РСМ.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека во однос на предметниот случај постапиле/постапуваат надлежни органи, поради што нема елементи за натамошно постапување во случајот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**